Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 95/0306
26.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Цивил Медиа“, со текстот насловен „Дали Чулев спрема алиби за евентуални апсења на негови соработници?“ го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 7 февруари 2020 година, министерот за внатрешни работи во техничката Влада, Наќе Чулев, поднесе жалба за текстот со наслов „Дали Чулев спрема алиби за евентуални апсења на негови соработници?, објавен на 6 февруари 2020 година, на интернет – порталот „Цивил Медиа“ (www.civilmedia.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Цивил Медиа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалбата.

Од „Цивил Медиа“ наводите во жалбата ги отфрлаат како апсолутно неосновани и целосно неаргументирани. Сметаат дека интерпункциските знаци, односно прашалната форма во насловот и извично-прашалната во поднасловот сами по себе зборуваат за значењето од аспект на содржината и карактерот на информацијата. Според „Цивил Медиа“, во текстот се објавени веќе достапни информации во јавноста, а воедно била објавена целата реакција/демант на министерот Чулев на претходно објавената вест дека негови соработници биле повикани на разговор за објавување тајни информации.

*„Оттука, имајќи ја предвид самата содржина, како и насловот и поднасловот на објавениот текст, во конкретниот случај, не може да стане збор за прекршувања на основните начела на новинарската професија, особено не во смисла на неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна“,* се вели во одговорот на наводите во жалбата.

Од „Цивил Медиа“, меѓу другото, потенцираат дека според Европскиот суд за човекови права улогата на медиумите во однос на јавното мислење е исклучително важна, како во политичкиот процес, така и во процесот на стимулирање на критичка дебата за други прашања од јавен интерес, а дека јавните службеници треба да бидат потолерантни кон искажаната критика насочена кон нивните зборови и дела.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи текст од широк јавен интерес, а дека државните функционери, во случајов, техничкиот министер за внатрешни работи, Наќе Чулев е легитимна новинарска цел и подлежи на силен јавен надзор.

Сепак, Комисијата утврди дека веста, пласирана во форма на аналитички коментар на објавен демант на министерот, не нуди целосно објективна информација. И покрај тоа што новинарскиот производ е конструиран во прашално-извична форма, а со тоа и се релативизира максималната точност на информацијата, сепак авторот поставува сериозна дилема за евентуално можно апсење на функционери блиски до министерот. Членовите на Комисијата се согласија дека вака поставените наслов и поднаслов, сами по себе, ја наметнуваат потреба да се побара мислење и од министерот Чулев и, со тоа, да му се даде целосна и пообјективна слика на текстот.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот на „Цивил Медиа“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена токму во насловот и во поднасловот на текстот.

***„Дали Наќе Чулев спрема алиби пред евентуалното апсење на функционери и службеници од неговиот кабинет или негови блиски соработници!?“***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот **изнесува сомневања** или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции и државни установи се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела.

Во исто време, Комисијата потсетува дека, во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, носителите на јавните функции и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***Пресудата на ЕСЧП Thoma Vs. Luxemburg 2001, 5, каде што се вели:**

„Медиумите имаат суштинска улога во демократското општество. Иако не смеат да пречекорат одредени граници, особено во однос на угледот и правата на другите, сепак должност на медиумите е да пренесуваат на начин што е доследен на нивните обврски и одговорности – информации и идеи за сите прашања од јавен интерес. Не само што медиумите имаат задача да пренесуваат такви информации и идеи, туку јавноста има право да ги прима. Кога би било поинаку, медиумите не би биле во можност да ја играат својата важна улога на „чувар на јавноста“.

*** Член 4 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите** (Комитет на министрите на 872 состанок од 12.12.2014) каде се вели:

„Функционерите мора да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на јавен надзор и критика за начинот на кој ги обавувале или ги обавуваат своите функциии, ако тоа е потребно за обезбедување транспарентност и одговорно вршење на нивните функции.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Цивил Медиа“ (www.civilmedia.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595